РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byrcja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 10 - 1847/10
31.10.23 20 ___ год./viti
СКОПЈЕ

Согласно член 6 став 1 точка 3, член 8 став 1 алинеја 6, член 8-а став 1 алинеја 2, 8-б и 8-в од Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/06, 142/08, 148/09, 69/13, 120/13, 148/13, 41/14, 30/16 и 64/18), член 26 и член 27 став 4 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на РСМ“, бр. 161/19), член 2 од Правилникот за образецот на пријавата за учество на јавен оглас за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар во основните и средните училишта во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија бр. 96/21), Годишниот план за работа на Бирото за 2023 година бр. 01-383/2 од 14.02.2023 година, Програмата за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2023 година (Сл. весник на РСМ, бр. 97 од 9.5.2023 година) донесена од министерот за образование и наука, член 2 став 1 од Правилникот за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставниците и стручните соработници) во основните и средните училишта во Република Северна Македонија бр. 01-260/2 од 03.02.2022 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставниците и стручните соработници) во основните и средните училишта во Република Северна Македонија бр.02-762/3 од 15.05.2023 година и бр.01-1843/3 од 27.10 2023 година, Бирото за развој на образованието распишува

# ЈАВЕН ОГЛАС

## за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар наставници

Бирото за развој на образованието објавува јавен оглас за акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар наставници кои реализираат настава во училиштата за гимназиско образование, уметничко образование, спортска академија и училиштата за образование на ученици со попреченост на следната тема:

**„Начини на превенција и справување со насилството во училиштата“**

Заинтересираните понудувачи треба да изработат и достават програма за обука на наставници од средните училишта на горенаведената тема за реализација на обука во траење од 8 (осум) часа, како и Каталог-верзија на програмата.

Услов за учество во постапката за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот

кадар (наставници) е исполнување на критериумите за чие докажување се потребни следниве документи:
1. документ за регистрирана дејност издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија (понудувачот на услуги да е регистриран за вршење дејност најмалку пет години пред датумот на објавување на јавниот оглас),
2. тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
3. биланс на состојба и биланс на успех издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
4. потврда дека не е отворена постапка за стечај издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
5. потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
6. потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки издадена од Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија,
7. потврда издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица, дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење одделна дејност,
8. потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
9. потврда издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица, дека не му е изречена споредна казна, забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство,

10. изјава дека доколку биде акредитиран за најповолен понудувач ќе обезбеди банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на обврските кои произлегуваат од договорот во вредност од 5 % од вредноста на склучениот договор,

11. изјава дека има искуство во реализација на обуки за професионално усовршување, со подетални информации, како потврда дека има спроведено најмалку три обуки за наставници во формално образование на различни теми во последните пет години сметано до денот на објавување на огласот, заверена и потпишана од овластено лице на понудувачот, поткрепена со доказ (договор, потврда и сл.),
12. изјава од понудувачот дека ќе обезбеди соодветно опремени простории со наставни помагала за современа реализација на обуките,

13. листа и биогрфија (CV) со минимален број од 30 (триесет) ангажирани обучувачи на државно ниво од соодветната област, кои:

- имаат најмалку VII степен на образование, односно 240 кредити, што се докажува со поднесување копија од диплома или уверение за завршено

образование и имаат одржано најмалку 2 (две) обуки од соодветната област, што се докажува со поднесување на оригинална потврда или препорака за спроведени обуки издадена од институција/фирма за која е извршена услугата **или**

- се предавачи на најмалку 1 (една) студиска програма од соодветната област, што се докажува со поднесување на оригинална потврда издадена од институцијата во која се вработени и/или се ангажирани,

14. изјави од обучувачите дека се согласни да ги реализираат конкретните обуки,
15. понудувачот да има минимален вкупен приход на средства во износ од 3. 000. 000 денари во последните две години (видно од биланс на состојба и биланс на успех издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија) .

Горенаведените критериуми **се елиминаторни**.

Овластеното службено лице од Бирото кое ја води постапката треба во рок од три дена од денот на приемот на пријавата за учество од заинтересираниот понудувач по службена должност да ја побара документацијата од точките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од надлежниот орган.

Документите од точките 10, 11, 12, 13 и 14 ги изготвува, потпишува, заверува и ги доставува одговорно лице на понудувачот.

Понудувачот треба да достави програма за акредитација на наведената тема од јавниот оглас согласно утврдените критериуми во документацијата за јавниот оглас.

Понудувачот треба да достави понуда на цена по учесник согласно утврдените критериуми во документацијата за јавниот оглас.

Критериуми за вреднување на прифатените понуди се:

- цена по наставник– 30 бода,
- содржина на понудената програма – 60 бода,
- следење на ефектите од обуката – 10 бода.

Обуките за наставниците ќе се спроведат на македонски јазик, албански јазик и/или на турски јазик. Обуките ќе се спроведат и на турски јазик доколку се формираат групи со минимален број од 30 учесници. Доколку понудувачот не е во можност да обезбеди обучувачи на турски јазик, истиот може да обезбеди консекутивен превод на турски јазик.

Доколку понудувачот на програма за обука и услуги биде акредитиран, склучува договор со Бирото за развој на образованието за реализација на обуките на дадената тема.

Обуките се наменети за 2500 до 3050 наставници кои реализираат настава во училиштата за гимназиско образование, уметничко образование, спортска академија и училиштата за образование на ученици со попреченост.

Обуките ќе се реализираат во период од 1 до 12.12.2023 година. Понудувачот на услуга со потребната документација треба да достави и изјава со која гарантира дека ќе ги реализира обуките за сите групи на наставници во определениот период.

**Јавниот оглас трае 10 дена, сметајќи го и денот на објавувањето.**

Јавното отворање на понудите ќе се одржи во просториите на Бирото за развој на образованието, ул. Руѓер Бошковиќ бр. 20 Скопје, на **10.11.2023 година во 11:00 часот.**

Рокот за поднесување на документацијата во архивата на Бирото е **10.11.2023 година до 10:30 часот.**

Пријавите со некомплетна и невалидна документација и ненавремено доставените пријави нема да бидат предмет на разгледување.

Потребната документација за учество на јавниот оглас може да се подигне од архивата на Бирото за развој на образованието или од веб-страницата на Бирото: www.bro.gov.mk

На јавното отворање на пристигнатите понуди може да учествуваат претставници на заинтересираните учесници со писмено овластување заверено со потпис и печат од одговорното лице.

Како понудувачи на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници) од средните училишта во Република Северна Македонија може да се јават јавни и приватни установи, здруженија на граѓани и трговски друштва.

Понудувачите на услуги можат да поднесат самостојна пријава за учество или самостојна понуда или можат да се здружат и да формираат група понудувачи со цел заедно да поднесат пријава за учество или групна понуда.

На јавниот оглас не може да се јави ниту како понудувач на услуги ниту како ангажиран обучувач вработен во Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, Центарот за образование на возрасни, Центарот за стручно образование и обука, Државниот просветен инспекторат и директор на училиште.

Заинтересираните понудувачи може сите прашања во врска со јавниот оглас да ги поставаат во електронска форма најдоцна 3 дена пред јавното отворање на понудите на следниот мејл: bro.macedonia@bro.gov.mk со назнака „За комисија за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги на воспитно-образовниот кадар (наставници).

Биро за развој на образованието

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕПУБЛИКА Е MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 10-1847/11
31.10.23 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука -Биро за развој на образованието
Ministria e ArsimitdheShkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВЕН ОГЛАС

**за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар наставници**

**тема:**

**„Начини на превенција и справување со насилството во училиштата“**

октомври, 2023 година

# ОСНОВНИ КРИТЕРИУМИ (УСЛОВИ) ЗА УЧЕСТВО НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ ПОНУДУВАЧИ

Услов за учество во постапката за избор е исполнување на критериумите во врска со личната способност, способноста за вршење професионална дејност, економската и финансиската состојба, техничката, професионалната способност и претходното искуство на понудувачот и на предложените обучувачи.

Понудувачите треба да достават Пријава (Прилог 1) за учество со самостојна понуда или можат да се здружат и да формираат група понудувачи со цел заедно да поднесат Пријава за учество со групна понуда (Прилог 10).

На јавниот оглас не може да се јави ниту како понудувач на услуги ниту како ангажиран обучувач вработен во Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, Центарот за образование на возрасни, Центарот за стручно образование и обука, Државниот просветен инспекторат и директор на училиште.

## 1. СПОСОБНОСТ НА ПОНУДУВАЧОТ (ОСНОВНИ КРИТЕРИУМИ)

### 1.1. Лична состојба и способност за вршење професионална дејност:

- да не е во постапка на стечај,
- да не е во постапка на ликвидација,
- да нема неплатени даноци, придонеси и други јавни давачки, освен ако на понудувачот му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа,
- да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење одделна дејност,
- да не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност,
- да не му е изречена споредна казна, забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство,

– да е регистриран како правно лице за вршење дејност најмалку 5 (пет) години пред датумот на објавување на јавниот оглас.

**1.2. Економска и финансиска состојба:**

– да има минимален вкупен приход на средства во износ од 3. 000. 000 денари во последните две години (видно од биланс на состојба и биланс на успех издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија).

**1.3. Техничка и професионална способност:**

– да има обезбедено соодветно опремени простории со наставни помагала за современа реализација на обуките,
– да има спроведено најмалку (3) три обуки за наставници во формално образование на различни теми во последните (5) пет години сметано до денот на објавување на огласот, заверена и потпишана од овластено лице на понудувачот, поткрепена со доказ (договор, потврда и сл.),
– да располага со минимален број од 30 ангажирани обучувачи од соодветната област на државно ниво,
– изјави од обучувачите дека се согласни да ја реализираат конкретната обука.

## 2. НАЧИН НА ДОКАЖУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА НА ПОНУДУВАЧИТЕ

**2.1. Докажување на лична состојба, способност за вршење професионална дејност и економска способност:**

1. документ за регистрирана дејност издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија (понудувачот на услуги да е регистриран за вршење дејност најмалку пет години пред датумот на објавување на јавниот оглас),
2. тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
3. биланс на состојба и биланс на успех издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
4. потврда дека не е отворена постапка за стечај издадена од Централниот регистар

на Република Северна Македонија,
5. потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
6. потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки издадена од Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија,
7. потврда издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица, дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење одделна дејност,
8. потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
9. потврда издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица, дека не му е изречена споредна казна, забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство,
10. изјава дека доколку биде акредитиран за поволен понудувач ќе обезбеди банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на обврските кои произлегуваат од договорот во вредност од 5 % од вредноста на склучениот договор.

Овластеното службено лице од Бирото кое ја води постапката треба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на пријавата за учество од заинтересираниот понудувач по службена должност да ја побара документацијата од точките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од надлежен орган.

Документот од точката 10 го изготвува, потпишува, заверува и ги доставува одговорното лице на понудувачот.

***Во случај на група понудувачи сите членови на групата поединечно ја докажуваат својата лична состојба и способноста за вршење професионална дејност, а економската и финансиската состојба ја докажува само еден од групата понудувачи.***

## 2.2. Докажување на техничка и професионална способност:

- изјава дека имаат спроведено минимум 3 (три) обуки за професионално усовршување на наставници на различни теми во последните 5 (пет) години, поткрепено со доказ (договор, потврда и сл.),
- изјава од понудувачот дека ќе обезбеди соодветно опремени простории со наставни помагала за современа реализација на обуките,
- листа и биогрфија (CV) со минимален број од 30 (триесет) ангажирани обучувачи на државно ниво од соодветната област, кои:
  - имаат најмалку VII степен на образование, односно 240 кредити, што се докажува со поднесување копија од диплома или уверение за завршено образование и имаат одржано најмалку 2 (две) обуки од соодветната област, што се докажува со поднесување на оригинална потврда или препорака за спроведени обуки издадена од институција/фирма за која е извршена услугата **или**
  - се предавачи на најмалку 1 (една) студиска програма од соодветната област, што се докажува со поднесување на оригинална потврда издадена од институцијата во која се вработени и/или се ангажирани,
- изјави од обучувачите дека се согласни да ги реализираат конкретните обуки.

Во врска со ангажираните обучувачи од точка 2.2. алинеја 3 и алинеја 4 се наведуваат и следните појаснувања:

- обучувачите кои ќе ја спроведуваат обуката мора да бидат истите лица кои се предложени од страна на понудувачот,
- по исклучок, понудувачот може да направи замена на максимум шест обучувачи на државно ниво со претходно известување и добиено одобрение од Бирото. За новопредложените обучувачи понудувачот треба да достави соодветна документација, согласно условите во јавниот оглас.

Наведените документи ги изготвува, потпишува, заверува и ги доставува одговорно лице на понудувачот, заверени со печат и потпис од страна на понудувачот.

**ВАЖНО: Неисполнувањето на барем еден од критериумите од јавниот оглас, односно неприложувањето на барем еден од доказите за исполнување на бараните критериуми има елиминаторен карактер, односно го исклучува понудувачот од понатамошната постапка на евалуација.**

## 3. ПРОГРАМА ЗА ОБУКА (СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА И СЛЕДЕЊЕ НА ЕФЕКТИТЕ)

Акредитираниот најповолен понудувач треба да одржи осумчасовна обука организирана во еден ден.

Програмата за обука треба да биде изработена согласно Образец 3.а. (Прилог 3) и Образец 4.а. (Прилог 4) од Правилникот кои се составен дел на документацијата за учество на јавниот оглас.

Содржините на обуката да се однесуваат на современите пристапи на превенција и справување со различни видови насилството во училиштен контекст, со акцент на врсничкото насилство, притоа да се имаат во предвид законските регулативи и принципите на најдобар интерес на детето, еднаквост и забрана за дискриминација итн. Обуката да овозможи развој на знаења, вештини и ставови/вредности кај наставниците за ненасилна комуникација, почитување на различностите, начини на превенција, справување и постапување со различни видови насилства, создавање безбедна средина за учење и развој каде учениците ќе имаа самодоверба, толеранција и активно ќе се вклучуваат во општеството. Наставниците како клучен модел од кој учениците учат треба да ги стекна наведените компетенции и на тој начин да овозможат развој на исти такви компетенции и кај учениците. Важно е со обуките да се стават акцент на овие содржини – **преку практични примери**.

Со програмата за обука треба да биде доставена и Каталог-верзија на програмата (Прилог 2).

## 4. ФАЗИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Постапката за избор и акредитација ќе се одвива во следниве фази:
I. Во првата фаза се врши проверка на комплетноста и веродостојноста на приложената документација со цел да се утврди дали понудувачите ги исполнуваат основните (елиминаторните) критериуми како услов за понатамошна евалуација, односно премин во следната фаза (оценување на техничка, финансиска и друга документација).
II. Во втората фаза се врши вреднување на содржината на понудената програма за обука, согласно Образец 3.б. и вреднување на следењето на ефектите од обуката, согласно Образец 4.б.
III. Во третата фаза се врши бодирање на понудената цена од страна на понудувачот согласно Методологијата за цена на обуката на акредитирани програми за обука дадена во Прилог 5. При бодирањето на цената на понудувачот се зема предвид цената по учесник без вклучен ДДВ.

За критериумот цена се предвидени 30 бода за цена по учесник (Прилог 5), за критериумот содржина на понудената програма 60 бода (Образец 3.б. - Табела 3.б.1. и Табела 3.б.2.), а за критериумот следење на ефектите од обуката 10 бода (Образец 4.б. – Табела 4.б.1. и Табела 4.б.2.).

Доколку понудувачот на програма за обука и услуги биде акредитиран, склучува договор со Бирото за развој на образованието за реализација на обуките на дадената тема.

**Обуките се наменети за 2500 до 3050 наставници кои реализираат настава во училиштата за гимназиско образование, уметничко образование, спортска академија и училиштата за образование на ученици со попреченост.**

## 5. ДРУГИ УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОБУКИТЕ

Обуката за наставниците ќе се спроведе на македонски јазик, албански јазик и/или на турски јазик. Обуката ќе се спроведе и на турски јазик доколку се формираат групи со минимален број од 30 учесници. Доколку понудувачот не е во можност да обезбеди обучувачи на турски јазик, истиот може да обезбеди консекутивен превод на турски јазик.

Понудувачот треба да ја организира обуката во групи не поголеми од 30 учесници.

При организација на обука понудувачот обезбедува оброк и освежување за учесниците и две паузи за кафе.

Обуките ќе се реализираат во период од 1 до 12.12.2023 година. Понудувачот на услуга со потребната документација треба да достави и изјава со која гарантира дека ќе ги реализира обуките за сите групи на наставници во определениот период.

Акредитираниот понудувач е обврзан да ја реализира обуката и да го подготви извештајот од спроведената обука согласно договорот потпишан со Бирото за развој на образованието.

Избраниот понудувач треба да им додели сертификати на учесниците кои ја завршиле обуката (Прилог 8.а. и Прилог 8.б.).

## 6. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА

Понудувачот ја поднесува Пријавата за учество (Прилог 1) и останатата документација во запечатено плико/кутија кое/која има назнака – За јавен оглас на тема **„Начини на превенција и справување со насилството во училиштата“** објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ и датум на објавување (ден, месец и година на објавување). Во горниот лев агол на пликото/кутијата стои ознака „Не отворај“ и се наведува адресата на Бирото за развој на образованието ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр. 20, Карпош II, Скопје.

Во пликото/кутијата се вметнува друго запечатено плико во кое има оригинален примерок од Понудата (Прилог 10), заверен и потпишан од одговорното/овластеното лице на понудувачот.

Комплетната документација се доставува во архивата на Бирото за развој на образованието Скопје **ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр. 20, Карпош II.**

Рокот за поднесување на документацијата е **10.11.2023 година до 10:30** часот.

Јавното отворање на понудите ќе се одржи во просториите на Бирото на **10.11.2023 година во 11:00 часот.**

Заинтересираните понудувачи може сите прашања во врска со јавниот оглас да ги поставaт во електронска форма најдоцна 3 дена пред јавното отворање на понудите на следниот мејл: bro.macedonia@bro.gov.mk со назнака „За Комисија за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги на воспитно-образовниот кадар (наставници).“

Прилог 1

# ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ИЗБОР И АКРЕДИТАЦИЈА НА ПРОГРАМИ ЗА ОБУКИ И ПОНУДУВАЧИ НА УСЛУГИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР (НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ) ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на конкурсот објавен во дневните весници

_______________________________ и _______________________________ на ден

__.__ .____ година за *избор и акредитација на (потребното да се пополни)*

_________________________________________________________________

*(програми за обука/понудувачи на услуги/програми за обуки и понудувачи на услуги)*

за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) во ___________________________ училишта во Република Северна Македонија на тема:

„_______________________________________________________“,

односно подтема „_______________________________________“се пријавуваме за учество во постапката.

**Одговорно лице**

_______________________

Формулар за основни податоци за понудувачот на програми и/или услуги

| 1. А. Детали за понудувачот (да се пополни од страна на понудувачот) | |
|---|---|
| Име на понудувачот | |
| Раководно лице на понудувачот | |
| Контакт лице | |
| Адреса на седиште на понудувачот | |
| Електронска адреса | |
| Телефон | |
| Факс | |
| Интернет страница | |
| **1. Б. Останати податоци за понудувачот** | |
| Тип на организација согласно уписот во Централен регистар | |

Прилог 2

## Каталог-верзија на предложената програма

Ве молиме пополнете посебен формулар за приложување на секоја програма која е поднесена за одобрување.

**Каталог-верзијата треба да биде приложена на македонски јазик:**

- **фонт Calibri, 11 големина, единечен проред (single),**
- **маргини: лева (2,2 см), десна (1 см), горе (1,2 см), долу (1,2 см).**

**Каталог-верзијата не смее да биде подолга од 3 страници!**

КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА

| |
|---|
| **Наслов на програмата за обука:** |
| **Изведувач на обуката (назив на понудувачот и информации за контакт):** |
| **Времетраење на обуката (во часови и денови):** |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | |
| Очекувани резултати (за што ќе бидат обучени учесниците) | |
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | |
| Агенда на обуката | |
| Јазик на кој се реализира обуката | |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | |
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | |

| ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ | | | |
|---|---|---|---|
| Се наведуваат најмногу 5 одржани обуки во формалното образование | | | |
| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на одржување |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Прилог 3

## Образец 3.а. Содржина на програмата за обука

### А. ОПИС НА ПРОГРАМАТА

*Приложената програма треба да ги содржи следните елементи на обуката:*

- *број на сесии и времетраење на секоја од нив*
- *наслов на темите во рамки на секоја сесија и опис на содржината на темите, со наведување на теориската рамка на вклучените содржини*
- *наведување на очекуваните резултати во рамки на секоја тема со кратко образложение за нивната поврзаност со компетенциите што учесниците треба да ги стекнат*
- *кус опис на активностите на обучувачот и на учесниците во рамки на секоја тема и образложение како активностите придонесуваат за активно учество на учесниците и за стекнување сознанија што се применливи во воспитно-образовната работа во училиштето.*

### Б. ПЛАН НА ОБУКАТА

*Планот на обуката претставува табеларен приказ на секоја одделна сесија од обуката, според елементите наведени во долуприкажаниот модел.*

**СЕСИЈА 1. (      минути)** *(се наведува времетраењето на сесијата во минути)*

**1. Тема:** *(се наведува насловот на темата)*

| **Активности**<br>*Се набројуваат сите активности на обучувачот (пр. презентација на содржини, дискусија со учесниците) и на учесниците (пр. работа во групи, индивидуална работа).* | **Работен материјал** *(доколку е предвидено)*<br>*Се наведуваат работните листи или другиот работен материјал што е предвиден за реализација на активноста.* |
|---|---|
| • | |
| • | |
| • | |

**Образец 3.6. Вреднување на содржината на понудената програма**

Во првата колона од Табела 3.6.1. се дадени индикаторите (вкупно 6) според кои се вреднува понудената програма од содржинска гледна точка. За секој индикатор се доделуваат бодови по еден или повеќе основи (ставки). За најголем број ставки (13) вреднувањето се прави на скала од 1 до 4 бода, а за 4 ставки вреднувањето е на скала од 1 до 2 бода. Во табелата се дадени барања за 2 бода на сите ставки и за 4 бода за ставките кои достигнуваат до тоа ниво. Притоа, се подразбира дека доколку програмата не го достигнува барањето поставено за 2 бода, за ставката се доделува само 1 бод. Следствено на тоа, доколку програмата го надминува барањето дадено за 2 бода, но не го достигнува барањето поставено за 4 бода, на ставката се доделуваат 3 бода. Вкупниот број бодови за сите ставки на сите индикатори може да достигне 60.

Табела 3.6.1. ја користат членовите на Комисијата (оценувачите) како образец за индивидуално вреднување на содржината на секоја понудена програма. Секој оценувач ја вреднува секоја ставка (ѝ доделува бодови) според дадените насоки и доделените бодови ги запишува во табелата. Потоа од нив ги изведува вкупните бодови за секој индикатор (како сума од бодовите на сите ставки во рамки на дадениот индикатор) и така добиените бодови ги запишува во табелата.

Табела 3.6.1.

| *Индикатори* | *4 бода* | *3 бода* | *2 бода* | *1 бод* | *Доделени бодови од индивидуален оценувач* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | *за секоја ставка* | *за секој индикатор* |
| 1. **Програмата ја следи бараната структура.** | Програмата ги содржи сите структурни елементи (сесии, теми, очекувани резултати, содржини, активности) кои се доследно именувани и јасно препознатливи. | | Програмата не ги содржи сите структурни елементи ИЛИ структурните елементи во програмата не се доследно именувани и јасно препознатливи. | | | |
| 2. **Темите се релевантни за подрачјето на обуката и очекуваните резултати се** | Поврзаноста на сите теми и нивните содржини со подрачјето на кое се однесува обуката е јасна и очигледна. | | За 50 % од темите или за половината од содржините вклучени во темите нема јасна и очигледна поврзаност со подрачјето на кое се однесува обуката. | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **поврзани со компетенциите од подрачјето.** | Сите очекувани резултати се поврзани со конкретни компетенции од подрачјето на обуката и нивната поврзаност е очигледна. | | За 50 % од очекуваните резултати не е очигледна нивната поврзаност со конкретни компетенции од подрачјето на обуката. | | | |
| | Сите видови компетенции (професионални вредности, знаења/разбирања и способности/вештини) се застапени во очекуваните резултати и најмалку 50 % од нив се однесуваат на способности/вештини. | | Најмалку 75 % од компетенциите застапени во обуката се однесуваат само на знаења/разбирања. | | | |
| | Сите очекувани резултати може да бидат постигнати со обуката. | | За 50 % од очекуваните резултати не е реалистично да се очекува да бидат постигнати со обуката. | | | |
| **3. Содржините се релевантни за темите и се засновани на современите теориски сознанија.** | Сите теми се претставени преку релевантни содржини и насловот на секоја тема соодветствува на содржините вклучени во неа. | | 75 % од содржините не се релевантни за темите во кои се вклучени И/ИЛИ насловите на 25 % од темите не соодветствуваат на содржините вклучени во нив. | | | |
| | За сите теми се наведени современите теориски сознанија од кои се изведени нивните содржини. | | За 50 % од темите не се наведени современи теориски сознанија од кои се изведени нивните содржини. | | | |
| | / | / | Во описот на содржините во рамки на сите теми е вклучено и повикување на научно- | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | стручна литература со наведување на изворот. | | | |
| 4. **Активностите придонесуваат за активно и кооперативно учење и за стекнување практични сознанија што се применливи во воспитно-образовната работа во училиштето.** | Сите активности се детално опишани (даден е опис на сите чекори за нивно задавање и спроведување). | | 75 % од активностите се детално опишани, а во преостанатите 25 % недостасува опис на чекорите за задавање И/ИЛИ на чекорите за спроведување. | | | |
| | Секоја активност е експлицитно поврзана со конкретни очекувани резултати (еден или повеќе). | | 75 % од активностите се поврзани со конкретни очекувани резултати (еден или повеќе). | | | |
| | / | / | За секој очекуван резултат е предвидена соодветна активности. | | | |
| | 90 % од предвидените активности на учесниците се базираат на претходни искуства И/ИЛИ се надоврзуваат на предзнаењата на учесниците. | | 75 % од активностите на учесниците се базираат на претходни искуства И/ИЛИ се надоврзуваат на предзнаењата на учесниците. | | | |
| | Најмалку 90 % од предложените активности на учесниците се применливи во воспитно-образовната пракса. | | 75 % од предложените активности на учесниците се применливи во воспитно-образовната пракса. | | | |
| | Меѓу понудените активности на учесниците се застапени најмалку 4 различни видови базирани на работа во мали групи (на пример: дискусија, квизови/прашалници, | | Меѓу понудените активности на учесниците се застапени 3 различни видови базирани на работа во мали групи. | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | изработка на постери/презентации, класификации/категоризации, анализа на содржини/случаи, симулации, игровни активности). | | | | | |
| | За секоја активност со учесниците се предвидени соодветни материјали за реализација (работен лист, работен прибор и сл.). | | 75 % од активности со учесниците се покриени со соодветен материјал за реализација | | | |
| 5. **Обуката вклучува следење и поддршка на учесниците за време на нејзината реализација** | / | / | За секоја тема се предвидени релевантни прашања за рефлексија од страна на учесниците во врска со стекнатите компетенции и начини на кои учесниците може да поставуваат прашања за разјаснување до обучувачот. | | | |
| 6. **Предвиденото времетраење на обуката соодветствува на времето потребно за реализација на програмата за обука.** | / | / | Времетраењето на обуката овозможува реализација на сите предвидени активности и бројот и времетраењето на сесиите овозможуваат ефективно и ефикасно користење на времето. | | | |

Табела 3.6.2. ја пополнуваат сите членови на Комисијата заедно. Во неа се внесуваат вкупните бодови што ги дал секој оценувач за секој индикатор. Во крајната колона се внесуваат просечните вредности (аритметичките средини) на доделените бодови од сите членови на Комисијата. Доколку износот на просечните бодови за секој индикатор го достигнува или надминува минимумот потребни бодови за индикаторот наведен во табелата, Комисијата заклучува дека содржината на програмата задоволува во поглед на барањата.

Табела 3.6.2

| *Индикатори* | Минимум бодови за индикаторот | *Доделени бодови* | | | | | Просечно бодови за индикаторот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Оценувач 1 | Оценувач 2 | Оценувач 3 | Оценувач 4 | Оценувач 5 | |
| **1. Програмата ја следи бараната структура.** | 4 | | | | | | |
| **2. Темите се релевантни за подрачјето на обуката и очекуваните резултати се поврзани со компетенциите од подрачјето.** | 11 (без ниту една ставка со 1) | | | | | | |
| **3. Содржините се релевантни за темите и се засновани на современите теориски сознанија.** | 7 (без ниту една ставка со 1) | | | | | | |
| **4. Активностите придонесуваат за активно и кооперативно учење и за стекнување практични сознанија што се применливи во воспитно-образовната работа во училиштето.** | 18 (без ниту една ставка со 1) | | | | | | |
| **5. Обуката вклучува следење и поддршка на учесниците за време на нејзината реализација.** | 2 | | | | | | |
| **6. Предвиденото времетраење на обуката соодветствува на времето потребно за реализација на програмата за обука.** | 2 | | | | | | |

Прилог 4

**Образец 4.а. Следење на ефектите од обуката**

Приложената програма треба да ги опише начините на следење на ефектите од обуката што се однесуваат на:

1. проверка на задоволството на учесниците од обуката,
2. проверка на знаењата на учесниците стекнати во текот на обуката,
3. следење на примената на стекнатите сознанија од обуката во наставата, односно во воспитно-образовната работа во училиштето,
4. мерење на ефектите од обуката, наменето за училиштата.

## Образец 4.6. Вреднување на следењето на ефектите од обуката

Табела 4.6.1. претставува образец кој го пополнува индивидуално секој член од Комисијата. Во табелата се презентирани сите аспекти од следењето на ефектите од обуката што се предмет на вреднување (вкупно 4) и за секој аспект се дадени 2 - 3 индикатори. Присуството на секој од нив во програмата за обука носи 1 бод, а отсуството или несоодветното присуство носи 0 бодови. Вкупниот број бодови за сите индикатори може да достигне 10.

Табела 4.6.1.

| *Индикатори во рамки на секој аспект на следењето* | *Доделени бодови од индивидуален оценувач* |
|---|---|
| **1. Проверка на задоволството на учесниците од обуката** | |
| • Детално е опишана постапката за проверка на задоволството на учесниците од обуката. | |
| • Јасно се објаснети сите аспекти врз основа на кои ќе се проверува задоволството на учесниците од обуката (содржината на обуката, пристапот на обучувачите, ефектите кај учесниците, организацијата на обуката и сл.). | |
| **2. Проверка на знаењата на учесниците стекнати во текот на обуката** | |
| • Детално е опишана постапката за проверка на знаењата на учесниците стекнати во текот на обуката. | |
| • Наведени се сите конкретни знаења што произлегуваат од обуката и ќе бидат предмет на проверка. | |
| **3. Примена на стекнатите сознанија од обуката во воспитно-образовната работа во училиштето** | |
| • Наведени се различни постапки/техники преку кои може да се евидентира примената на сознанијата од конкретната обука во училишната пракса. | |
| • Јасно се објаснети наведените постапки/техники преку кои може да се евидентира примената на сознанијата од конкретната обука во училишната пракса. | |
| • Наведени се и опишани различни начини на кои може да се споделуваат искуствата од примената на сознанијата во училишната пракса. | |
| **4. Мерење на ефектите од обуката, наменето за училиштата** | |
| • Наведена е релевантна и реалистична постапка што може да се применува во училиштата со цел да се мерат ефектите од обуката. | |
| • Јасно е опишана наведената постапка за мерење на ефектите од обуката од страна на училиштата. | |
| • Објаснети се сите аспекти на мерењето на ефектите од обуката во училиштата. | |

Табела 4.6.2. ја пополнуваат сите членови на Комисијата заедно. Во неа се внесуваат бодовите што ги дал секој оценувач за секој индикатор. Конечниот број на бодови за секој индикатор може да биде 1 или 0, зависно од индивидуалното изјаснување на секој оценувач. Доколку најмалку четворица од петте оценувачи дале по 1 бод за конкретен индикатор, конечната оценка за индикаторот е 1 бод. Следствено на тоа, во случај најмалку двајца од оценувачите да дале по 0 бодови за конкретен индикатор, вкупната оценка за индикаторот изнесува 0. Конечните бодови се внесуваат во крајната колона во табелата.

Минималниот број бодови што треба да се достигне со вреднувањето за да може да се смета дека програмата задоволува во поглед на барањата за следење на ефектите од обуката изнесува 8, при што за ниту едно од четирите подрачја не смее да се добијат вкупно 0 бодови. Тоа значи дека програмата задоволува во поглед на барањата за следење на ефектите од обуката доколку најмногу 2 индикатора отсуствуваат или не се согласно барањата.

Табела 4.6.2.

| *Индикатори во рамки на секој аспект на следењето* | Минимум бодови | Оценувач 1 | Оценувач 2 | Оценувач 3 | Оценувач 4 | Оценувач 5 | Конечни бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Проверка на задоволството на учесниците од обуката** | | | | | | | |
| • Детално е опишана постапката за проверка на задоволството на учесниците од обуката. | 1 - 2 | | | | | | |
| • Јасно се објаснети сите аспекти врз основа на кои ќе се проверува задоволството на учесниците од обуката. | | | | | | | |
| **2. Проверка на знаењата на учесниците стекнати во текот на обуката** | | | | | | | |
| • Детално е опишана постапката за проверка на знаењата на учесниците стекнати во текот на обуката. | 1 - 2 | | | | | | |
| • Наведени се сите конкретни знаења што произлегуваат од обуката и ќе бидат предмет на проверка. | | | | | | | |
| **3. Примена на стекнатите сознанија од обуката во воспитно-образовната работа во училиштето** | | | | | | | |
| • Наведени се различни постапки/техники преку кои може да се евидентира примената на | 2 - 3 | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| сознанијата од конкретната обука во училишната пракса. | | | | | | | |
| • Јасно се објаснети наведените постапки/техники преку кои може да се евидентира примената на сознанијата од конкретната обука во училишната пракса. | | | | | | | |
| • Наведени се и опишани различни начини на кои може да се споделуваат искуствата од примената на сознанијата во училишната пракса. | | | | | | | |
| **4. Мерење на ефектите од обуката, наменето за училиштата** | | | | | | | |
| • Наведена е релевантна и реалистична постапка што може да се применува во училиштата со цел да се мерат ефектите од обуката. | 2-3 | | | | | | |
| • Јасно е опишана наведената постапка за мерење на ефектите од обуката од страна на училиштата. | | | | | | | |
| • Објаснети се сите аспекти на мерењето на ефектите од обуката во училиштата. | | | | | | | |
| Вкупно | 8 | | | | | | |

Прилог 5

## БОДИРАЊЕ НА ПОНУДЕНА ЦЕНА

Наслов на предложената програма за обука: ___________________________

Изведувач на програмата: ___________________________

При пресметување на цената земени се предвид ДДВ и останатите трошоци и попусти на понудувачот. При бодирањето на цената на понудувачот се зема предвид цената по учесник без ДДВ.

| ЦЕНА | |
|---|---|
| **Цена по учесник без ДДВ** | |
| Бодови за цена:<br>Минимална ц.п. х бодови за цена<br>ц.п. | |

**Објаснување:** Цената на понудувачот (ц.п.) кој понудил најниска цена (без пресметан ДДВ) за програма за обука во рамки на иста тема се множи со максималниот број бодови предвидени согласно конкурсот за критериумот цена (30) и се дели со цената на конкретниот понудувач.

Прилог 8.а.

(ЛОГО НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО) (ЛОГО НА ПОНУДУВАЧОТ НА ОБУКАТА И УСЛУГИТЕ)

**СЕРТИФИКАТ**

______________________________
(име и презиме)

***од*** ______________________________
(училиште, место и општина)

**за учество во обука под наслов** ____________________

**од подрачјето** ____________________ **на основни професионални компетенции**

**во времетраење од** ____ **часа.**

| | | |
|---|---|---|
| ____________________ | ____________________ | ____________________ |
| **Директор** <br> **Биро за развој на образованието** | (место и датум на издавање) | (понудувач на обуката и услуги) |

Прилог 8.б.

(ЛОГО НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО) (ЛОГО НА ПОНУДУВАЧОТ НА ОБУКАТА И УСЛУГИТЕ)

## СЕРТИФИКАТ/CERTIFIKATË

____________________

(име и презиме/emri e mbiemri)

***од/nga*** ___________________________________
(училиште, место и општина / shkolla, vendi dhe komuna)

**за учество во обука под наслов/ për pjesëmarrje në trajnimin me titull** _________________________

**од подрачјето/nga fusha** _________________________ **на основни професионални компетенции / të kompetencave themelore profesionale**

**во времетраење од/në kohëzgjatje prej ____ часа/orë.**

_________________________ _____________________ _____________________________

**Директор/Drejtori** (место и датум на издавање /vendi dhe data e dorëzimit) (понудувач на обуката и услуги/ofertues i trajnimit dhe shërbimeve)
**Биро за развој на образованието/**

**Byroja e Zhvillimit të Arsimit**

Прилог 10

# П О Н У Д А

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот: ______________________________

I.2. Контакт-информации

- Адреса: ______________________________
- Телефон: ______________________________
- Факс: ______________________________
- Е-пошта: ______________________________
- Лице за контакт: ______________________________

I.3. Одговорно лице: ______________________________

I.4. Даночен број: ______________________________

**<u>Дел II – Финансиска понуда</u>**

II.1. Согласни сме да ја понудиме услугата:

*Цената по учесник, без ДДВ, изнесува ______________ денари (со бројки), односно ______________________________ (со букви).*

*ДДВ изнесува ______________________ денари (со бројки), односно ______________________________ (со букви).*

II.2. Со поднесување на оваа понуда во целост ги прифаќаме условите предвидени во јавниот оглас и документацијата.

Место и датум

______________________

Одговорно лице

______________________

(потпис и печат)